ПОГЛАВЈЕ 29. ЦАРИНСКА УНИЈА

НИВО НА ПОДГОТОВКА

Добро ниво на подготвеност (Good Level of Preparation) – 4

ОСТВАРЕН НАПРЕДОК

Добар напредок (Good Progress) – 3

КОМЕНТАР

Во ова поглавје има високо ниво на усогласеност со европското законодавство, а постигнат е и добар напредок во понатамошно подобрување. Забележано е и подобрување во однос на административниот и оперативниот капацитет, меѓу другото и преку употребата на новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), склучување на договори за одржување Новиот Компјутеризиран Транзитен Систем (НКТС) и на Системот за интегрирана тарифна околина (ИТО), како и пуштањето во употреба на новиот царински терминал на главниот премин со Србија. Поважна забелешка која се провлекува низ годините е тоа што Царинската управа сè уште наплатува одреден надоместок за обработка на царински декларации, што е спротивно на европското законодавство.

ПРЕПОРАКИ ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

- Да продолжи да ги комплетира и применува своите ИТ системи и да обезбеди нивна надградба и одржување и да обезбеди континуитет во работењето.

Извештај 2016	Извештај 2018	Извештај 2019
Царинско законодавство - Царинската управа продолжува да наплаќа надоместок за обработка на царински декларации, што не е во согласност со европското законодавство.	Царинско законодавство - Неколку царински одредби од Законот за зони за технолошки и индустриски развој сè уште не се во согласност со европското законодавство. - Царинската управа продолжува да наплаќа надоместок за обработка на царински декларации, што не е во согласност со европското законодавство.	Царинско законодавство - Неколку царински одредби од Законот за зони за технолошки и индустриски развој сè уште не се во согласност со европското законодавство. - Царинската управа сè уште наплатува надоместок за обработка на царински декларации, што исто така не е во согласност со европското законодавство.
Административен и оперативен капацитет - Новиот електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи не е завршен. - Електронскиот интегриран тарифен систем не е целосно искористен.	Административен и оперативен капацитет - Новиот електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи не е завршен. - Електронскиот интегриран тарифен систем не е целосно искористен.	Административен и оперативен капацитет - Треба да се подигне свеста кај економските оператори за поволностите од царинските ИТ системи.